Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë se Veriut
Средно медицинско училиште на град Скопје
Shkolla e mesme medicinale e qytetit të Shkupit
Д-Р ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ - D-R PANÇE KARAGJOZOV
Бр.Nr. 03-430/1
13.06 2025 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

СМУГС "Д-р Панче Караѓозов"

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА СМУГС"Д-р Панче Караѓозов" за период 2022-2023 и 2024-2025 година

**Одлука за спроведување самоевалуција на Училиштето е донесена на 3.10.2024 година**

## Вовед

Самоевалуацијата е темел за автономијата на училиштето во планирањето, организирањето и реализирањето на новите приоритетни активности и овозможува да се добие реална слика за училиштето преку анализа на состојбата.

Целта на самоевалвацијата која што се спроведува на ниво на училиште и во која учествуваат сите релевантни субјекти е да се воспостави систем на перманентно планирање, воспоставивање приоритеи кои што треба да се остварат преку реализирање на цели и задачи и нивно перманентно следење со што ќе се подобри наставата и работата на училиштето во целина.

Од анализите и согледувањата се добија показатели за подобрување и унапредување на одедени сегменти и подрачја во работата на училиштето.

Самовреднувањето е насочено кон:

- Претворање на општите цели во конкретни задачи и задолженија;
- Хармонизирање и балансирање на обврските на ниво на стручни активи и поединци;
- Организираност, систематичност и сигурност во работата во делувањето на сите субјекти на ниво на училиште;
- Можност за воспоставување квалитетен систем на следење, анализирање и вреднување на работата.

**Тим кој ја реализира семоевалуацијата** :

| Име и презиме | Подрачје |
|---|---|
| Валентина Костова Дамчевска | Координатор |
| Јасмина Јаковчевска | 1.Наставни планови и програми |
| Деница Козовска- Михаиловска | 1.Постигнувања на ученици |
| Неше Салих | 2.Учење и настава |
| Билјана Стефановска | 3.Поддршка на учениците |
| Лидија Лазаревска и Кимете Ахмети | 4.Училишна клима |
| Никола Стојановски | 5.Ресурски |
| Шкендије Јетиши | 6.Управување и раководење |

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1 | Реализација на наставните планови и програми | - Применувани наставни планови и програми<br>- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>- Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>- Избор на наставни предмети<br>- Планирање на активности за реализација на слободните часови /проектните активности на училиштето<br>- Реализација на проширени програми |
| 2 | Квалитет на наставните планови и програми | - Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните планови и програми и учебни учебни помагала<br>- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>- Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>- Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| 3 | Воннаставни активпости | - Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>- Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>- Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>- Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активнисти |

**Клучни јаки страни:**

- Наставниците работат според наставни планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН.
- Наставните планови и програми се реализираат во целост;
- Сите наставници навремено изготвуваат Годишни планирања;
- Користење на современи наставни методи во наставата;
- За учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставната програма редовно се одржува дополнителна настава, а за учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по одредени предмети редовно се организира додатна настава.
- Успешна работа на Стручните активи;
- Индивидуален избор на учениците во однос на изборните предмети и проектни активности;

- Родова и етничка рамноправност меѓу учениците во наставните програми;
- Искористување на можностите на локалната средина во рамките на воспитно образовниот процес;
- Едукација на учениците низ содржини кои се презентираат од стручни лица во вид на предавања;
- Меѓусебна размена на индивидуалните искуства во реализацијата на проектните активности;
- Вклучување на учениците во широк спектар вонннаставни активности според нивните способности, интереси и афинитети ;
- Придобивки од вонннаставни активности се освоени награди, пофалници, дипломи и афирмација на училиштето
- Подготовка на учениците за локални, државни и меѓународни натпревари

**Слабости**

- Недостаток на учебници според новите модуларни програми
- Ограниченост на избор на наставни предмети поради законски условен минимален број на ученици;
- Недостаток на континуирани вон-наставни активности (секции ) на учениците во училиштето;
- Мотивирање на учениците за посета на додатна настава;
- Зголемување на активностите за подобрување на редовноста на учениците;

**Резиме**

Нашето училиште работи согласно наставните планови и програми одобрени од МОН.

Наставните планови и програми се достапни како на наставниците така и на родителите.

Сите наставници навремено доставуваат годишни планирања.

На почеток на учебната година односно на првата родителска средба родителите општо се запознаваат со наставниот план и програма за учебната година.

Учениците со наставните планови и програми се запознаваат на првиот час на почетокот на учебната година, поединечно по сите предмети.

Се дава можност секој ученик да изврши избор на предмети од изборна настава преку пополнување на анкетни листови.

Советот на родители се запознава со програмите на својата прва седница.

Сите наставници редовно одржуваат вонннаставни активности според годишните планирања.

Учениците активно учествуваат во вонннаставните активности и на тој начин се промовираат лично и придонесуваат за афирмација на училиштето.

Наставните планови и програми и вонннаставните активности, го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските деца од различно етничко потекло, а за да се подобри начинот на нивната реализација,

реализирани се обуки на наставниците за примена на актуелни методологии, интегративен пристап на содржините кои го дозволуваат.
Исто така, на класните часови во планираниот обем се реализираат темите од општествена проблематика, се интензивира соработката на стручните активи на наставниците и на вон-наставните активности. Наставните програми по стручните предмети овозможуваат образование за односи меѓу половите, репродуктивното здравје, болести на зависност и стекнување на стручни компетенции неопходни за соодветниот образовен профил. Според новите наставни планови зголемен е фондот на часовите за практична настава, како и воведување на учење преку работа со што се воспоставува потесна врска со пазарот на трудот и оспособување на кадрите со вештини и знаења согласно актуелните потреби.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Промоција на меѓуетничка соработка, разбирање и почитување на различностите.
- Активности:
- Вклучување мултикултурни содржини во наставата.
- Проекти и настани за Интер културна размена.
- Вклучување на претставници од различни заедници.
- Континуиран професионален развој и мотивација на наставниците.
    - Стручни усовршувања, семинари и студиски посети.
    - Формирање наставнички тимови за споделување добри практики.
- Поттикнување на иновации и истражувачка работа.

## Подрачје 2: Постигнувања на учениците

| Бр. | Индикатор за | Теми |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| | **квалитет** | |
| 2.1 | Постигања на учениците | - Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на кој се изведува наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди<br>- Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на кој се изведува наставата)<br>- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби<br>- Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната / додатната настава<br>- Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование |
| 2.2 | Задржување / осипување на учениците | - Опфат на учениците<br>- Редовност во наставата<br>- Осипување на учениците<br>- Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | Повторување на учениците | - Ученици што не ја завршуваат годината |

**Клучни јаки страни**

- Во училиштето се води редовна евиденција и спредбена анализа за редовноста, успехот и поведението на учениците (според пол, наставен јазик и образовни профили, вид на образование – тригодишно и четиригодишно ), се анализираат причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме се преземаат конкретни активности за зголемување на редовноста, во соработка со родителите.
- Голем број на ученици постигнуваат одлични резултати
- Осипување на учениците скоро и да нема, а доколку има причината е преселување во друга држава.
- Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување, активностите што ги презема и со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година, доколку има потреба за тоа и сите други права согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето.
- Потпишани повеќе Меморандуми за соработка со здравствените институции - реализирање на практична настава и посети на здравствените институции - со цел стекнување на практично знаење и компетенции од здравствената струка и оспособување за вработување.

- Учениците по завршувањето на училиштето се спремни активно да учествуваат во работата во здравствените установи и се вклучуваат понатаму во образовниот процес без потешкотии (факултет, виши и високи школи)
- Обезбедена е просторија – мултимедијална читална за учениците

**Слабости**

- Недостаток на учебници најмногу по стручните предмети и општообразовните предмети важни за струката
- Недоволна заинтересираност на учениците кои покажуваат слаб успех за посета на дополнителната настава
- Големиот број на паралелки –предизвик во однос на просторните можности

**Подетална евалуација на подрачјето**

Наставниот кадар во училиштето е задоволен од постигнувањата на учениците во училиштето. Голем дел на учениците од училиштето го продолжуваат образовниот процес на вишите училишта и високообразовните институции. Исто така дел од учениците по завршувањето на училиштето се вработуваат во државните, но и во приватни здравствени установи.

Иако има солидно ниво на постигна успех, сепак има простор за подобрување, со цел нашите ученици да се афирмираат за учество на натпревари кај нас и во странство и за подобрување на успехот сметаме дека е потребно да се обезбедат поголем број аудиовизуелни нагледни сретства, да се осовремени книжниот фонт во библиотеката со литература од стручните области, за проширување на знаењата на учениците.

Бидејќи модерните текови на образованието наложуваат поголема нагледност во процесот на учење, неопходно е училиштето континуирано да го надпградува капацитетот со современи нагледни средства како што се: мулажи, модели, скици, карти, ЛЦД проектори, Смарт табли, стручни ЦД, сетови за изведба на експерименти и сл.

Исто така образовниот процес би бил подигнат на повисоко ниво, ако наставата по сите предмети се одвива во специјализирани кабинети за настава од соодветен предмет или пак сродни предмети. Потребно е во училиштето да се зголеми имлементацијата на проекти и воннаставни активности за поттикнување на креативноста и индивидуалните способности на учениците.

Бројот на отпишани ученици е незначителен, воопшто во сите години и мал е бројот на ученици кои не ја завршуваат тековната година, бидејќи најчеста причина е преселување во друга општина или држава..

## Подрачје 3: Учење и настава

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Планирање на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| 2 | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Избор на задачи , активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приодот на наставник кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| 3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање на одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 4 | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификација на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| 5 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите во оценувањето на наставата |
| 6 | Известување за напредолот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

**<u>Јаки страни :</u>**

1. Постоење на форми за размена на искуства и комуникација меѓу наставниците во училиштето и надвор од него, со други училишта
2. Постоење на систем за известување на родителите за напредокот на нивните децата од страна на наставниците
3. Индивидуалната поддршка на учениците
4. Можност за користење на ИКТ за планирање и реализација на наставната програма
5. Интегрирање на учениците во остварување на еко-стандардите и развивање на еклошката свест кај учениците како и меѓуетничка интеграција во рамки на повеќе проекти.
6. Постоење на разни форми на размена на искуства и дискусии на тема толеранција и борба против насилството.

**<u>Слаби страни :</u>**

1. Немање просторни можности за чување на трудовите, портфолијата и други материјали изработени од учениците

2. Поголема ангажираност на наставнивите, согласно потребите на учениците, почесто да се организираат часови за дополнителна и додатна настава
3. Неможност за организирање на кабинетска настава

**Приоритети**

7. Натамошно јавно промовирање на личните постигнувања (трудови) на учениците и наставниците, со цел охрабрување на истите за преземање иницијатива и активно учество во наставата и вонннаставните активности, во училишниот и медиумскиот простор .

2. Натамошна реализација на соодветно опремување кабинети и лаборатории, за задоволување на потребите на наставата по стручни, како и по општообразовни предмети.

3.Акцентирање на резултатите од учење, во функција на објективно оценување на постигањата на учениците и запознавање на учениците и родителите со истите.

4. Натамошно унапредување на системот за известување и соработка со родителите

5. Континуирано следење на новитетите и унапредување на користењето на ИКТ техологија

6.Професионално надградување

## Подрачје 4: Поддршка на учениците

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1 | Севкупна грижа за учениците | - Заштита од физички повреди и елементарни повреди<br>- Превенција од насилство<br>- Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>- Грижа на ученици од социјално загрозени семејства |
| 2 | Здравје | - Хигиена и заштита од болести<br>- Грижа за ученици со здравствени проблеми |
| 3 | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | - Пружање помош при избор на занимањето, институцијата за понатамошното образование, доусовршување или вработување<br>- Грижа за уценици со емоционални потешкотии |
| 4 | Следење на напредокот | - Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>- Анализа на напредокот по паралелки |

**Добри страни:**

- Наставниците се задоволни од своите предавања, методите кои ги применуваат и начинот како им ги презентираат на учениците новите наставни содржини, додатната литература со која им ги надополнуваат содржините и со личен пример на подготвеност да им укажат на тоа што се очекува од нив;
- Стручната служба, класните раководители и раководителите постојано се во контакт за напредувањето на учениците, однесувањето на учениците и направените изостаноци со нивните родители
- За безбедноста на учениците во училиштето целосно се води грижа од страна на наставниците за време на наставата и на одморите со организирано нивно дежурство во сите ходници, како и од надворешно обезбедување на главниот влез и низ ходниците за време на часовите.
- Обучен стручен кадар при физички повреди, елементарни непогоди;
- Училиштето има интерен акт и план за евакуација при елементарна непогода;
- Се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на постапување при секаков вид на насилство ;
- Вработените ја знаат својата улога и оговорност во процесот на заштита на детето и се грижат да детето во училиштето се чувствува сигурно, безбедно, заштитено без верска и меѓуетничка дискриминација;
- Нема било каква дискриминација на учениците во училиштето;
- Училиштето има и реализира програма за грижа за здравјето на учениците. Тоа го врши преку редовни систематски прегледи, вакцинирање на учениците. Дополнително е што има наставници лекари кои се обучени за

пружање на прва помош при повреди и кои можат да дадат мислење за понатамошно санкционирање на истите.

- Во училиштето се реализираат низа активности за подигање на свеста за секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизмите за справување со евентуална појава на различните облици на насилство.
- Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанции, која подразбира дека во училиштето е забранeто пушењето, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.
- Училиштето има позитивна клима околу хуманитарните акции, со што младинската организација е активна во собирање средства за помош од социлајен и здравствена потреба.
- Училиштето води грижа за здравјето на учениците преку активности како што се: редовни систематски прегледи на учениците од прва и четврта година, земање брис од грло и нос за учениците кои практичната настава ја изведуваат во клиничкиот центар, вакцинации, предавања, трибини, соработка и презентации на теми од областа на здравјето и здравствените проблеми и заштита.
- Во училиштето, наставниците оценувањето го прават врз основа на активноста на ученикот, преку усни одговори, писмени работи, изработени проекти и друго, оценети според пропишаните стандарди за евалуација на знаењето на ученикот дадено од Центарот за средно стручно образование.
- Наставниците подготвуваат извештаи за напредокот на учениците по тромесечија за својата паралелка. Училиштето има посебни анализи за напредокот на учениците по паралелки, преку детални анализи за успехот на тромесечие, полугодие, трето тромесечие и годишен успех од страна на класните раководители и педагошката служба.
- Точна, навремена, сеопфатна анализа достапна за сите наставници, родители, раководен тим и други релевантни институции.
- Училиштето има добро организирана психолошко педагошка служба која се грижи за изнаоѓање на решенија за потешкотиите со кои се соочуват учениците во и вон училиштето,
- Интензивни контакти со високообразовните институции кои се претставуваат пред учениците.
- Соработка со голем број на фирми кои имаат здравствена дејност кои на учениците им помагаат теоретските знаења да ги применат во пракса. Всушност учениците стекнуваат практични искуства под надзор на наставниците ментори и стручњаците од соодветната фирма.
- Класните раководители, наставниот кадар и стручната служба во училиштето се грижат да ги детектираат прво учениците со емоционални потешкотии, а потоа според потребата да реагират соодветно;
- Во училиштето нема Програма за професионална ориентација на учениците;

- Едукацијата на учениците за здравата исхрана и здравиот начин на живеење е една од примарните задачи и на класните часови и наставните програми по многу предмети;
- За учениците со телесни пречки во развојот се води грижа во секој сегмент од времето поминато во училиштето;
- Учениците со едукативен материјал се информираат за заразните болести кои можат да ги добијат ако не се грижатза својата лична хигиена и хигиената во работниот простор.
- Сеопфатна грижа и подршка за враќање во редовната настава за ученици со здравствени проблеми
- Се обрнува внимание на информирањето на учениците за понатамошното образование, доусовршување и вработување преку активна соработка со високообразовните и здравствените институции.

**Слаби страни:**

- Наставната програма е доста обемна и им прави потешкотии и на наставниците кои ја реализираат и на учениците кои треба да ја усвојат;
- Учениците треба повеќе да се заинтересирани да постигнат повисоки резултати преку поголема редовност на наставата, самоиницијативно барање на дополнителна и додатна настава;
- Да се поттикнуваат повеќе учениците на позитивен натпревар и поголема меѓусебна соработка со цел да се постигнат поголеми резултати;
- Повеќе да се работи на информираноста на учениците, соработката со локалната заедница и здравствените организации и укажување на можностите за нивно вработување по завршување на школувањето во нашето училиште иако тие можности тие ги согледуваат пти нивното ангажирање на практичните бази;
- Поголема да е информираноста на учениците за навременото решавањето на нивните проблеми.
- Да се обрне поголемо внимание кон важноста на начинот на живеење, здравата исхрана и физичката активност за правилен раст и развој на учениците.
- Да се изведува барем еднаш во годината симилација на евакуирање при елементарна непогода;
- Да се направат во холот пристапни рампи за ученици кои не можат да се качуваат по скали.

**Приоритети**

- Да се продолжи со интенцијата за постигнување повисок степен на педагошко следење , раководење и насочување на сите подрачја на воспитно-образовната дејност, во услови на модернизација и компјутеризација на училиштето;

- Натамошно опремување на кабинети и лаборатории со соодветна опрема, за задоволување на потребите на наставата по стручни, како и по општообразовни предмети.

## Подрачје 5: Училишна клима

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1 | Училишна клима и односи во училиштето | - Углед / имиџ на училиштето<br>- Кодекс на однесување<br>- Училишна клима<br>- Поведение и дисциплина во училиштето<br>- Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| | Промовирање на постигањата | - Промовирање на личните постигања на учениците<br>- Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| 3 | Еднаквост и правичност | -Познавање на правата на децата<br>- Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>- Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 4 | Соработка со родителите и со локалната заедница | - Соработка на училиштето со родителите<br>- Соработка со локалната заедница<br>- Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

**Клучни јаки страни**

- Чувство на дека родителите и децата воглавно имат добра комуникација со наставниците и меѓу самите ученици.
- Наставниот процес се одвива во две смени и учениците од двата наставни јазика заедно ја посетуваат наставата во еден училишен објект.
- Отвореност на училиштето за вклучување во разни проекти и активности за унапредување на меѓуетничката интеграција
- Училиштето нема толеранција за било каква дискриминација по било која основа, напротив се раководи според принципите на толеранција и почитување.
- Училиштето има добра соработка со здр.институции и други здравствени субјекти каде се обавува практичната настава.
- Училиштето има свој симбол, свој амблем и своја химна која е на двата наставни јазика.
- Училиштето има свој кодекс на однесување,
- Учениците се заштитени од злоупотреба на личните податоци
- Ви училиштето перманентно се работи на препознавање на сите облици на говор на омраза

**Слабости**

- Нецелосен опфат на наставничкиот кадар и учениците за реализација на проекти за меѓуетничка интеграција.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Подобрување на училишната клима преку вклучување на учениците во повеќе активности каде ќе учествуваат заедно со ученици од различни образовни профили,националности,годишта и сл.(хортикултурно уредување на дворот,спортски и музички активности и др.).
- Подобрување на подршката и мотивацијата на наставниот кадар кој е вклучен во разни проекти и активности на училиштето.
- Подобрување на механизмите за промоција на постигнувањата.

**Подрачје 6: Ресурси**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1 | Сместување и просторни капацитети | - Просторни услови<br>- Искористеност на просторните капацитети |
| 2 | Наставни средства и материјали | - Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>- Училишна библиотека<br>- Потрошен материјал |
| 3 | Обезбедување на потребниот наставен кадар | - Број вработени и соодветност на наставниот кадар<br>- Ефективност и распоредување на кадарот<br>- Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| 4 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | - Професионален развој на наставниците |
| 5 | Финансиско работење во училиштето | - Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>- Транспарентност за планирањето и трошењето на училишниот буџет |

**Клучни јаки страни**

Наставниот кадар во училиштето, по бројност и соодветност, ги задоволува нормативите. Наставниците и стручните соработници активно ги користат сите расположливи просторни капацитети во изведувањето на наставниот процес. Количината и современоста на наставните средства позитивно влије врз изведувањето на наставниот процес (околу 69% од наставниот кадар се изјаснил за позитивните ефекти на претходно наведеното), иако има простор за подобрување во овој сегмент. Иако поголем дел од анкетираните наставници сметаат дека информатичката опрема не ги задоволува целосно потребите, сепак треба да се истакне подобрувањето на капацитетите во овој дел (голем дел од интервјуираните наставници се изјасниле дека истата им помага во подобра реализација на наставниот процес). Наставниците сметаат дека училиштето редовно обезбедува поддршка за стручно усовршување и активно учествува во обуките и семинарите организирани од училиштето и други државни институции, а истите им помагаат во поуспешна реазилација на наставниот процес. Наставниците исто така се заинтересирани и за дополнителни активности и успешно го промовираат Училиштето, како во државата, така и надвор од неа. Училишната стручна служба, чии програмски активности обезбедуваат збогатување на училишниот живот, како за наставниците, така и за учениците, зема активно учество во следењето на наставните активности и животот на Училиштето во целина. Административниот кадар посветено се грижи за законитоста во работењето на училиштето. Транспарентната реализација на финансискиот план и наменското трошење на средствата обезбедуваат потполно домаќинско работење на училиштето.

**Клучни слаби страни**

Најслаба алка во изведувањето на наставниот процес претставува недостатокот на простор и несоодветност на одредени простории за практична настава. Овој недостаток влијае на целокупниот живот на училиштето (реализација на наставниот процес и изведување на воннаставни активности). Имено, наставата мора да биде организирана со 8 часа во смена, т.е. од 07.30 наутро до 20.15 часот навечер. Заради ваквото работно време за учениците физички е потешко да се ангажираат во дополнителни активности со што значително е осиромашен училишниот живот. Исто така, учениците кои живеат во населени места - села од околината на Скопје, имаат проблем со превозот, особено за време на втората смена (автобусите на ЈСП Скопје тргнуваат пред завршувањето на смената, а во тој период се многу ретки, па заминувањето дома треба да се одвива во доцните вечерни часови). Бројната несоодветност на наставните средства и библиотечниот фонд, исто така, претставуваат една од послабите точки во реализацијата на наставниот процес (се работи за скапи и професионални апарати чија набавка не може да се обезбеди со планираниот буџет). Во однос на другите услови во училиштето, би спомeнале дека нивото на хигиената не задоволува (ова се должи на малиот број вработени што се грижат за хигиената).

**Приоритети**

Елиминирањето на слабите точки во работата на училиштето зависи од повеќе фактори. Во организација на градот Скопје, реализрани се многубројни активности за подобрување на условите за работа и престој во Училиштето. Со ова многу е подобрена просторната екипираност на Училиштето, но се уште има потреба за подобрување. Во однос на активностите кои училиштето може самостојно да ги спроведе со цел подобрување на училишниот живот во целина, како прво би го истакнале професионалниот развој на наставниците. Училиштето треба да продолжи да го стимулира наставниот кадар постојано да се усовршува преку самостојно организирање на обуки (со користење на внатрешни потенцијали). Исто така, треба да постои систем за поуспешна дисеминација на обуките што се организирани надвор од училиштето, а ги посетуваат одреден број вработени. Досега успешна дисеминација врши стручната служба, но треба да се зголеми и стимулира заинтересираноста на наставниот кадар за вакви активности.

Еден од главните приоритети на училиштето треба да биде и набавка на информатичката опрема која недостасува и истата да биде достапна за наставниците и учениците. Исто така, потребна е набавка на нови наслови од стручната литература, како и редовна и навремена набавка на потребниот број на наставни средства и помагала (модели, апарати, лабораториски прибор).

Во однос на учениците, треба поголем ангажман од страна на наставниците за збогатување на времето (додатна настава, натпревари, секции и сл.) што учениците го поминуваат во училиштето. Ова последново е во контрадикција со горенаведениот факт за работното време, меѓутоа, сепак, не треба да се откажуваме од силно мотивирање на учениците за изведување на вакви активности

## Подрачје 7. Управување и раководење

| Бр. | Теми | Индикатор за квалитет |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| 7.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| 7.3 | Развојно планирање | Цели на развојното планирање<br>Професионален развој<br>Материјално технички средства<br>Инфраструктура |

**Клучни јаки страни**

Раководни структури формирани согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето;

• Развојно планирање на училиштето и приоритетни задачи во Годишната програма;

• Партнерски однос на Управниот одбор и директорот;

• Раководниот орган има јасна визија за развој и напредок на училиштето;

• Континуиран професионален развој и стручно усовршување на вработените, учество или организира семинари и обуки;

• Успешно креирана училишна политика во функција на доброто на учениците; • Соработка со Локалната заедница и Градот;

• Транспарентност на работата на училиштето;

• Обезбеден оптимален и пријатен простор за учење, работа и престој во училиштето;

• Грижа за унапредување на здравјето на учениците и вработените; • Подготвеност за справување со кризни состојби;

• Отвореност на членовите на раководниот тим за соработка и конструктивна критика;

• Политика на вклучување на советот на родителите во делови од животот на училиштето;

• Склучени меморандуми за соработка со голем број на компании за реализација на практична обука во реални услови;

• Соработка со бизнис секторот преку реализација на практична настава во компаниите сродни со струката на училиштето;

• Обезбедени средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето;

**Приоритети**

Да се продолжи со докажаниот начин на работење на раководството во училиштето, кој подразбира ефикасност, ефективност и отвореност во креирањето на сопствената препознатлива платформа на креирање на политиката, повеќенасочна конструктивна комуникација со сите инстанци и работење насочено кон постојано подобрување на целокупниот воспитно-образовен процес;

• Да се продолжи со трендот на професионална едукација и професионален развој на сите чинители на воспитно образовниот процес со обуки, семинари и работилници; • Поголемо учество на родителите во разни активности во училиштето;

• Подобрување на медиумската кампања за промоција на училиштето;

• Поголема соработка со локалната заедница.

**Резиме:**

Од горенаведената анализа може да се заклучи следново:
Сите анализирани индикатори за квалитетот на работењето кои се однесуваат на ова подрачје го покажуваат следново: Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Раководниот орган на училиштето обезбедува информации и податоци за Училишниот одбор кои се потребни за донесување на стратешки одлуки и со тоа му овозможуваат на одборот да има ефективен надзор. Неговата работа е насочена кон креирање идеи и подобрување на условите за работа на училиштето. Раководниот орган има јасна визија за развој и напредок на училиштето и вложува напори за промовирање на медицинската струка. Притоа детектира и се фокусира на јасни приоритети определени со развојниот план/програма. Раководниот орган го заснова своето работење врз тимската работа и поддржува и воспоставува продуктивни партнерства во непосредната, локална и поширока заедница. Целта на училишната политика е јасно дефинирана со мисијата на училиштето. Во креирањето на училишната политика вклучени се сите релевантни субјекти (директорот, училишниот одбор, наставниот кадар, учениците, советот на родители, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Финансиските средства на училиштето се обезбедени од Буџетот на Град Скопје, како и средствата стекнати по основ на сопствени приходи на училиштето. Планирање на финансиските средства е во согласност со потребите за стручно усовршување на наставниот кадар и унапредување на воспитно-образовниот процес. Навремено се планира и обезбедува материјално-технички средства и континуирано се работи на подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето. Соработката со локалната заедница се развива преку голем број на активности, како што се вклучување во одбележување
Во училиштето се активирани сите служби во реализирање на приоритетната задача за поддршка на раководството и креирањето политика. Освен административна и педагошка, континуирана поддршка има од учениците, од наставниците и од родителите, како и од служби вон училиштето, а кои се во доменот на поддршка на училиштето. Тука е вклучена и локалната самоуправа, а учениците волонтерски учествуваат во активностите на училиштето.

......................

Скопје,
27.06.2025 година